**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.08-213**
**29.07.2022 година**
**Скопје**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 2 и член 83 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 82 став 1 алинеја 5 од истиот Закон, член 51 став 1 и став 3 и член 52 став 2 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), член 28 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19), постапувајќи по Предлогот Уп1 бр.08-213 од 15.07.2022 година, за покренување постапка за одземање и Предлогот Уп1 бр.08-213 од 28.07.2022 година на овластеното лице од страна на Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Овластување, арх.бр.03-2528/1 од 27.06.2022 г., за донесување одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, а согласно Заклучокот, арх.бр.02-2964/2 од 29.07.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 29-та седница одржана на 29.07.2022 година донесе:

# ОДЛУКА
## за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје

1. СЕ ОДЗЕМА дозволата за радио емитување, Уп1 бр.08-81 од 05.01.2015 година на Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, поради тоа што по издавањето на дозволата настанале околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста – отповикани одобренија за користење на радиофреквенции издадени од АЕК како основен услов за вршење на дејноста - емитување на радио програмски сервис.
2. Одлуката се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб страницата на Агенцијата и во најмалку два дневни весници, од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.
3. Оваа Одлука е конечна.

## Образложение

Трговското радиодифузно друштво (ТРД) КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, е имател на дозвола за радио емитување, Уп1 бр.08-81 од 05.01.2015 година, за емитување преку терестријален предавател, на регионално ниво (за подрачјето на град Скопје), програмски сервис музичко радио од општ формат, на македонски јазик.

Согласно член 68 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - ЗААВМУ, дозволата за телевизиско или радио емитување ја доделува Агенцијата за одредено ниво на гледаност или слушаност (државно, регионално или локално), а имателот на дозволата стекнува право да го емитува радио или телевизискиот програмски сервис во подрачјето за кое ја добил дозволата.

Врз основа на добиената дозвола за радио емитување со користење на радиофреквенции, Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) издава одобрение за користење на радиофреквенции согласно со Законот за електронските комуникации (ЗЕК). За користење на радиофреквенциите, се плаќа годишен надоместок на сметка на АЕК за секоја тековна година однапред почнувајќи од датумот на важењето на одобрението за користење на радиофреквенции.

На 27.04.2022 г., до ААВМУ беше доставено Известување од АЕК арх.бр.0805-178 од 14.04.2022 г. (наш арх.бр.03-1788/1) за отповикани одобренија за користење на радиофреквенциите на одредени трговски радиодифузни друштва, меѓу кои и за ТРД КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, поради неплатени надоместоци за користење на радиофреквенции. Во прилог на Известувањето беше доставено и Решение на АЕК, Уп1 бр.0802-2022 од 22.03.2022 г., за отповикување на одобренијата за користење на радиофреквенции, во радиодифузна служба со евидентен број 102991 и во фиксна радиодифузна служба со евидентен број 102992, издадени од АЕК на корисникот ТРД КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје.

Согласно член 82 став 1 алинеја 5 од ЗААВМУ, ААВМУ ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери, по претходно доставено писмено известување доколку по издавањето на дозволата ќе настанат околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста.

Со оглед на тоа, а имајќи го предвид претходно цитираното Решение на АЕК, за отповикување на одобренијата за користење на радиофреквенции на корисникот ТРД КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, до радиодифузерот беше испратен Допис-Известување (наш арх.бр.03-1788/5 од 03.05.2022 г.), дека настанувањето на околности (по издавањето на дозволата), што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста, претставува основ за одземање на дозволата за радио емитување согласно напредцитираниот член од ЗААВМУ, како и за потребата што поскоро да ја надмине констатираната состојба и за истото да ја извести ААВМУ. Напреднаведениот Допис беше примен од страна на ТРД КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје на 04.05.2022 г.

Во врска со напреднаведеното, Секторот за информатичка поддршка и општи работи при ААВМУ до члeновите на Советот на ААВМУ и до Директорот на ААВМУ, достави Службена белешка (наш арх.бр.03-1788/2 од 27.04.2022 г.), дека одредени трговски друштва меѓу кои и ТРД КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје ќе бидат под административен надзор до 18.05.2022 г., по повод Известувањето од АЕК за отповикување на одобренијата за користење на радиофреквенциите, а со цел да се утврди дали емитуваат радио програмски сервис.

Во насока на преземање понатамошни дејствија од аспект на одредбите од ЗААВМУ, а со оглед дека ААВМУ не поседува технички можности за снимање на радио програмски сервиси на локално ниво, беше испратен Допис - Барање информација до АЕК (наш арх.бр.03-1788/3 од 28.04.2022 г.), за доставување на детални податоци за датумот од кој ТРД КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје не емитува радио програмски сервис, како и за датумот на прием на решението за отповикување на одобренијата за користење на радиофреквенцијата. На 19.05.2022 г. од страна на АЕК до ААВМУ беше доставено Известување - Достава на детални податоци, Уп1 бр.0805-178 од 11.05.2022 г. (наш арх.бр.03-1788/10), дека првиот датум на мерење согласно распоред кога ТРД КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје не

емитувало радио програмски сервис бил 06.05.2022 г, како и дека Решението за отповикување го примил на 18.04.2022 г.

Со цел ААВМУ да продолжи со преземање понатамошни дејствија од аспект на одредбите од ЗААВМУ, а по повод доставеното цитирано известување, ААВМУ на 28.06.2022 г. до АЕК достави Допис-Барање информација (наш арх.бр.03-1788/14 од 28.06.2022 г.), во врска со тоа дали кај ТРД КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје има промена во однос на користењето на радиофреквенцијата, со оглед дека му се отповикани одобренијата за користење на радиофреквенции од страна на АЕК. На 06.07.2022 г. АЕК до ААВМУ достави Известување, арх.бр.0805-1998/5 од 06.07.2022 г. (наш арх.бр.03-1788/15), во врска со отповикани одобренија за користење на радиофреквенции на ТРД КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, во кој наведе дека АЕК ги отповикал одобренијата за користење на радиофреквенции на ТРД КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје со седиште на ул.“Козле„ бр.12/1, Скопје, како и дека во базата на активни одобренија на АЕК не постоел повеќе наведениот корисник. По повод доставеното цитирано Известување од АЕК, Секторот за информатичка поддршка и општи работи при ААВМУ до членовите на Советот на ААВМУ и до Директорот на ААВМУ, достави Службена белешка (наш арх.бр.03-1788/16 од 07.07.2022 г.), со предлог за покренување на постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, врз основа на член 82 став 1 алинеја 5 од ЗААВМУ - односно поради тоа што е констатирано дека по издавањето на дозволата настанале околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста – отповикани одобренија за користење на радиофреквенции издадени од АЕК како основен услов за вршење на дејноста - емитување на радио програмски сервис.

Во член 23 став 1 алинеја 3 од ЗААВМУ е утврдено дека доколку се констатира непочитување, повреда или прекршување на одредбите од ЗААВМУ и подзаконските акти, донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на ААВМУ, против издавач на медиум, Советот на ААВМУ може да преземе мерка – одземање на дозволата. Постапката за одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување, согласно член 83 став 1 од ЗААВМУ ја покренува Советот по предлог на директорот на ААВМУ.

Со оглед на утврдената фактичка состојба, а имајќи предвид дека поради тоа што по издавањето на дозволата настанале околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста – отповикани одобренија за користење на радиофреквенции издадени од АЕК како основен услов за вршење на дејноста - емитување на радио програмски сервис (член 82 став 1 алинеја 5 од ЗААВМУ), Директорот на Агенцијата д-р Зоран Трајчевски, врз основа на член 83 став 1 од ЗААВМУ, а во врска со член 82 став 1 алинеја 5, достави Предлог Уп1 бр.08-213 од 15.07.2022 г. за покренување постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, УП1 бр.08-81 од 05.01.2015 година.

Советот на ААВМУ на 27-та седница одржана на 19.07.2022 г., со Заклучок, арх.бр.02-2808/4 од 19.07.2022 г., го усвои Предлогот, Уп1 бр.08-213 од 15.07.2022 г., за покренување на постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, УП1 бр.08-81 од 05.01.2015 г., доставен од предлагачот Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски.

Во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, УП1 бр.08-81 од 05.01.2015 г., а согласно член 82 став 1 од ЗААВМУ, ААВМУ испрати Известување до наведениот радиодифузер Уп1 бр.08-213 од 20.07.2022 г., дека доколку веднаш не ги отстрани законските пречки за вршење на дејноста – емитување на радио програмски сервис, Советот на ААВМУ во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот на Директорот на ААВМУ, Уп1 бр.08-213 од 15.07.2022 г., ќе донесе Одлука за

одземање на неговата дозвола за радио емитување, по што согласно член 85 став 2 од ЗААВМУ, радиодифузерот ќе биде избришан од регистарот на радиодифузери. Известувањето Уп1 бр.08-213 од 20.07.2022 г., беше испратено до ТРД КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, во писмена форма, во врска со што во доставната книга на Агенцијата е заведено дека истото е уредно примено на 21.07.2022 г.

По повод доставеното Известување до ТРД КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје Уп1 бр.08-213 од 20.07.2022 г., од страна на застапникот на радиодифузерот на 25.07.2022 г. до ААВМУ беше доставен Одговор на Известување, Уп1 бр.08-213 од 25.07.2022 г., во кој се дава појаснување во врска со управниот спор поведен против Решението за бришење на ТРД КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје донесено од Централен Регистар на РСМ, поради кој се предлага покренатата постапка за одземање на дозволата на ТРД КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје да се одложи до правосилно завршување на постапката по управен спор која се води пред надлежниот суд. Советот на ААВМУ одлучи да не го прифати предлогот за одложување на покренатата постапка за одземање на дозволата, затоа што од исходот од поведениот управен спор зависи дали радиодифузерот ќе биде избришан како правен субјект од ЦРРСМ, односно дали како имател на дозвола ќе престане да постои, што е основ за престанок на важност на дозволата по сила на закон, согласно член 85 став 1 алинеја 3 од ЗААВМУ, по кој основ ААВМУ не презела дејствија токму заради неправосилно завршениот управен спор. За наведеното, ААВМУ со допис го извести радиодифузерот.

Со цел да се утврди дали и по покренувањето на постапката за одземање на дозволата радиодифузерот го усогласил своето работење со одредбите од ЗААВМУ и ги отстранил законските пречки за вршење на дејноста – отповикани одобренија за користење на радиофреквенции издадени од АЕК како основен услов за вршење на дејноста - емитување на радио програмски сервис, од ААВМУ до АЕК повторно беше испратено Барање информација (Уп1 бр.08-213 од 20.07.2022 г.), дали кај ТРД КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје има промена во однос на користењето на радиофреквенцијата, со оглед дека му се отповикани одобренијата за користење на радиофреквенции од страна на АЕК. До ААВМУ на 26.07.2022 г. од страна на АЕК беше доставен Допис - Повторно известување, арх.бр.0805-1998/7 од 25.07.2022 г. (наш Уп1 бр.08-213), дека АЕК ги отповикал одобренијата за користење на радиофреквенциите на ТРД КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.„Козле“ бр.12/1, Скопје и дека заклучно со 22.07.2022 г., во базата на активни одобренија на АЕК не постои повеќе корисникот ТРД КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје.

Во согласност со член 83 став 3 од ЗААВМУ, Советот е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на предлогот на Директорот за покренување постапка за одземање на дозволата, да донесе одлука со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Со оглед на утврдениот факт дека имателот на дозволата Уп1 бр.08-81 од 05.01.2015 г. - ТРД КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје и согласно последно доставениот Допис-Повторно известување од АЕК, арх.бр.0805-1998/7 од 25.07.2022 г. (наш Уп1 бр.08-213 од 26.07.2022 г.) и во рокот од 15 (петнаесет) дена, од денот на приемот на Предлогот на Директорот на ААВМУ, Уп1 бр.08-213 од 15.07.2022 г. од страна на Советот на ААВМУ, не го усогласил работењето со ЗААВМУ и не ги отстранил законските пречки за вршење на дејноста - отповикани одобренија за користење на радиофреквенции издадени од АЕК како основен услов за вршење на дејноста - емитување на радио програмски сервис, врз основа на член 82 став 1 алинеја 5 од ЗААВМУ, а согласно Предлогот Уп1 бр.08-213 од 28.07.2022 г. за донесување одлука за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје од овластеното лице, м-р Драгица Љубевска, согласно Овластување, арх.бр.03-2528/1 од 27.06.2022 г. и Заклучокот на Агенцијата, арх.бр.02-2964/2 од 29.07.2022 г., се донесе Одлука со која се одзема дозволата за радио емитување на ТРД КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-81 од 05.01.2015 г., поради тоа што по

издавањето на дозволата настанале околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста – отповикани одобренија за користење на радиофреквенции издадени од АЕК како основен услов за вршење на дејноста - емитување на радио програмски сервис.

Согласно член 84 од ЗААВМУ, одлуката за одземање на дозвола за телевизиско или радио емитување е конечна, а против истата имателот на дозволата има право да поднесе тужба до надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием. Постапката пред надлежниот суд е итна.

Врз основа на погоре наведеното се донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против оваа одлука за одземање на дозволата, Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, има право да поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

**Доставено до:**

- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Назначените лица во ААВМУ за водење на Уписникот Уп1;
- Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје;
- Застапникот на Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, адвокат Сашко Поп-Ангелов од Скопје и
- Агенцијата за електронски комуникации на Република Северна Македонија.